Врз основа на член 8 став (1) точка 3), а во врска со член 16 став (1) и став (2) од Законот за ревизија ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15 и 23/16) и член 3 од Правилникот за начинот на утврдување на повредите и мерките,начинот на забележување дека овластениот ревизор,друштвото за ревизија или овластениот ревизор - трговец поединец е неактивен,начинот на евидентирање на мерките во соодветниот регистар како и формата и содржината на барањето за бришење на забелешката за неактивност на Советот број 02-517/1 од 26.12.2014 година, Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија, на седница одржана на 25.07.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за времено одземање на лиценца на член на ИОРРМ**

1. На Друштво за ревизорски услуги "Ревизија и Финансии РИФ" ДООЕЛ СКОПЈЕ, се изрекува мерка – времено одземање на лиценца за работа во траење од една година.
2. Оваа решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

*О б р а з л о ж е н и е*

До архивата на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија, Институтот на овластени ревизори на Република Македонија достави Одлука за изрекување дисциплинска мерка – времено исклучување од членство во ИОРРМ , за Друштво за ревизорски услуги "Ревизија и Финансии РИФ" ДООЕЛ Скопје за период од една година. Дисциплинската мерка е изречена заради незадоволителна севкупна оценка утврдена во континуитет и при четвртата проверка на контрола на квалитет извршена во месец септември 2017 година за ревизии на финансиски извештаи за 2016 година,како и неимплементирани препораки кои се однесуваат на значајни наоди идентификувани со претходната контрола.

Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија, постапувајќи согласно своите законски надлежности, на седница одржана на ден 25.07.2018 година го разгледа известувањето од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, врз основа на што ја изрече мерката времено одземање на лиценца на Друштво за

ревизорски услуги "Ревизија и Финансии РИФ" ДООЕЛ, за период од една година, бидејќи се исполнети условите предвидени во Законот за ревизија за изрекување на наведената мерка.

Согласно наведеното, Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија одлучи како во диспозитивот на оваа Решение.

**Правна поука:** *Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.*

**Претседател на Советот**
**Премтим Исени**

**Бр.** 03-259/2
26.07.2018

**Доставено до:**
**-Архивата на СУНРРМ**
**-Архивата на ИОРРМ**